Врз основа на членовите 7, 18, 27 и 33 од Статутот на МАИСС од 10.01.2009, член 57 од Закон за скијалишта на Р.М- Сл. Весник на Р. Македонија, бр.37 од 26.02.2016 година, член 28 од Закон за спорт на Р.М, член 1, 9 и 27 од Статутот на Скијачка Федерација на Р.Македонија од 26.12.2019, како и усвоената наставна програма на МАИСС (во IVSS и ISIA) за обука на инструктори во снежни спортови на Генерално собрание на ИНТЕРСКИ интернешнел, од 21 Март 2019, Пампорово (Бугарија), на ден 3.12.2021, Извршниот одбор на МАИСС го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## за лиценцирање на инструктори за снежни спортови (алспко скијање и сноуборд) НИВО 2 (меѓународна IVSI лиценца)

## I.Општа одредба

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот, правилата, критериумите и постапката за стекнување со статус инструктор за снежни спортови (алпско скијање и сноуборд) со Ниво 2 (меѓународна IVSI лиценца).

## II. Услови за стекнување на статус инструктор по снежни спортови (алпско скијање и сноуборд) Ниво 2 (меѓународна IVSI лиценца)

Член 2

Право за стекнување со статус на инструктор по снежни спортови (алпско скијање/сноуборд) Ниво 2 (меѓународната IVSI лиценца) имаат кандидати кои:

- имаат потврден-важечки статус инструктор по снежни спортови (алпско скијање/сноуборд) Ниво 1;
- успешно ја завршиле обуката и испитот предвидени со планираната агенда за обука и испит во согласност со IVSI (Internationaler Verband der Ski Instruktoren), со исклучок на студентите на Факултетот за физичко образованите, спорт и здравје-ФФОСЗ, кои имаат посетувано 2 семинари по скијање/сноуборд во склоп на наставата на ФФОСЗ (директно пристапуваат кон испит);
- ја имаат подмирено сезонската котизација за следење на обуката/ семинарот и други обврски кон МАИСС;
- да има писмена потврда (прилог 1) од ски/сноуборд-школа или постар инструктор дека има извршено минимум 40 часа практична обука под надзор на постар инструктор со НИВО 3.

## III. Начин на стекнување на статус инструктор по снежни спортови (алпско скијање и сноуборд) Ниво 2 (меѓународна IVSI лиценца)

Член 3

Успешно завршена обука се смета доколку, кандидатите ја имаат завршено обуката (посетувале теоретска + практична настава) и пристапиле на испит.
Теоретската обука се изведува според планираната агенда, која се објавува пред почетокот на семинарот а е во согласност со наставните програми на МАИСС.

Член 4

Проверка на знаењето се изведува преку испит пред комисија. Испитот се состои од 3 дела:

1. **писмено тестирање**

-ТЕСТ за СКИ инструктори (критериум за успешно поминување на тестот се 23 поени од можни 27)

- ТЕСТ за Сноуборд инструктори (критериум за успешно поминување на тестот се 20 од можни 25 поени)

2. **практичен испит**

- Скијање-демонстрација на ликови и техники од програмата за обука и испит поставени од испитната комисија на МАИСС за Ниво 2 (IVSI).

Оценување:

Секој од ликовите се оценува со оцена од 1 до 5

Оцена 1 не е преодна оцена. Оцена 2 до 5, се преодни оцени.

Критериум за успешно поминување на практичен испит "демонстрација на ликови", е средна оцена од сите ликови над 3.8 поени, но и минимум оцена кај секој од ликовите 2 (два).

- Сноуборд - демонстрација на ликови и техники од програмата за обука и испит поставени од испитната комисија на МАИСС за Ниво 2 (IVSI)

Оценување:

Секој од ликовите се оценува со оцена од 1 до 5

Оцена 1 не е преодна оцена. Оцена 2 до 5, се преодни оцени.

Критериум за успешно поминување на практичен испит "демонстрација на ликови", е средна оцена од сите ликови над 3.8 поени, но и минимум оцена кај секој од ликовите 2 (два).

Кандидатите кои се стекнале со помалку од 3.8 поени при практичната демонстрација на ликовите, имаат право на поправен испит на следниот организиран испит.
*(Надоместот за овој испит е во висина на котизацијата за обнова за лиценца, утврдена за сезоната, кога ќе се организира поправниот испит).*

3. **усна демонстрација (настап пред клиент)**

критериум за успешно поминување на усмената демонстрација : поминал/а - непоминал/а

Оценување:

Кандидатот-ката се оценува со оцена од 1 до 5

Оцена 1 не е преодна оцена. Оцена 2 до 5, се преодни оцени.

Член 5

Кандидатите кои ќе ја завршат обуката и успешно ќе го поминат испитот се стекнуваат со звање инструктор со Ниво 2 во снежни спортови (сноуборд / скијање) (меѓународната IVSI лиценца).
На овие кандидати им се издава легитимација за скијање / легитимација за сноуборд и соодветна IVSI маркичка, со важност за тековната сезона, со максимално траење од една календарска година.

Член 6

Обновување на звањето инструктор / обновување на легитимација, се изведува пред почетокот на секоја зимска сезона.
Кандидатите кои веќе имаат Ниво 2 (меѓународната IVSI лиценца), ќе треба да посетат настава (предсезонски семинар). Агендата за семинарот треба биде насочена кон освежување на методските знаења на инструкторите, за водење на клиент. Инструкторите не пристапуваат повторно на испит. Доколку нема услови да се изведе семинарот на снег, тогаш ќе се изведе резервна варијанта, која ќе биде објавена во агендата за предсезонскиот семинар, за тековната сезона.

Член 7

Кандидатите кои имаат Ниво 1 и ги исполнуваат условите од член 2 на овој Правилник, имаат право да посетуваат настава за Ниво 2, во тековната зимска сезона, доколку го имаат заверено/обновено, звањето/легитимацијата на предсезонски семинар за таа зимска сезона, а во текот на истата сезона подоцна се организира семинар за Ниво 2 .

## IV. Губење на статус инструктор по снежни спортови (алпско скијање и сноуборд) Ниво 2 (меѓународната IVSI лиценца)

Член 8

Инструкторот по снежни спортови (алпско скијање и сноуборд) Ниво 2 (меѓународната IVSI лиценца) ќе го изгуби правото на Ниво 2 /меѓународната IVSI лиценца во следните случаи:

- ако се однесува спортивно од Кодексот за етика на МАИСС;
- ги злоупотреби правата кои произлегуваат од меѓународната IVSI лиценца;
- ако не ја подигне IVSI маркичката за тековната година (за кандидирање за следната година мора да ги подмири трошоците за неподигнатата маркичка);
- ако не ги регулира своите обврски кон МАИСС;
- ако не присуствува на семинар за продолжување на Ниво 2 (меѓународната IVSI лиценца) организиран од МАИСС;

Доколку инструкторот ја изгуби легитимацијата и/или IVSI маркичката, трошокот за издавање на нова легитимација и/или IVSI маркичката ги покрива самиот.
Одлуката за одземање или привремено скратување на Ниво 2 (меѓународната IVSI лиценца) го носи дисциплинската комисија при МАИСС.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото носење.

Претседател МАИСС
Скопје, м-р Марјан Карапанчевски

Прилог 1

# П О Т В Р Д А

Јас_______________________________________ со број на легитимација _____________
(име и презиме)
издадена од __________________ на____________________ валидна до ________________
(која организација) (датум на издавање)
потврдувам дека кандидатот за лиценца Ниво 2 за инструктор по скијање/сноуборд

______________________________________ во периодот од ______________ до _______________,
(име и презиме)
изврши практична работа како помошник/асистент со вкупно _____ часови. Практичната работа беше извршена во
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

*(*доколку практичната работа е реализирана во некоја ски-школа, да се наведе во која. Исто така да се наведе во кој скијачки центар е реализирана)*

Напомена: доколку практичната работа е реализирина во некоја ски-школа, потврдата да биде оверена со печат и потпис од раководителот на ски-школата.

________________________ М.П Потврдува
(датум и место)

________________________________
(цело име и презиме и потпис)

Раководител на ски-школа

________________________________
(цело име и презиме и потпис)